# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕДАГОШКАТА СЛУЖБА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.41 од 27.02.2014 година**

**Член 1**

Во Законот за Педагошката служба („Службен весник на Република Македонија" број 18/11), во членот 7 став 1 зборовите: „Законот за државните службеници" се заменуваат со зборот „закон".

**Член 2**

Во членот 9 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:
„(3) За именување на директор се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик."
Ставот (3) кој станува став (4) се менува и гласи:
„(4) За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови:
1) е државјанин на Република Македонија;
2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;
4) има минимум пет години работно искуство во воспитно-образовна дејност или во орган на државната управа надлежен за работите на образованието;
5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и
6) има положено психолошки тест и тест за интегритет."
Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (5) и (6).

**Член 3**

Директорот на Педагошката служба именуван до денот на започнувањето на примената на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

**Член 4**

Одредбите од членот 1 од овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" број 27/14) и Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" број 27/14).
Одредбите од членот 2 од овој закон ќе започне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик кои ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.